# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

## ЗА ДЕЛОВНАТА 2023 ГОДИНА

СКОПЈЕ, МАРТ, 2024 ГОДИНА

## ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ДРУШТВОТО

Акционерското друштво за приредување игри на среќа и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА е основано и работи во Република Северна Македонија. Скратениот назив на Друштвото гласи: ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје.

| | |
|---|---|
| Назив на друштвото | Акционерско друштво за приредување игри на среќа и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје |
| Седиште и адреса | Ул.Македонија 11-А, Скопје |
| Телефон и факс | 3235-154 |
| Адреса на електронска пошта | contact@lotarija.com.mk |
| Адреса на интернет страна | www.lotarija.com.mk |
| Правен статус | Акционерско друштво |
| Матичен број | 4064526 |
| Шифра на дејност | 68.20 |
| Број на решение од Централниот Регистар | Трег.бр.5894/98 Регистарска влошка 02006654?4-09-000, Дел.бр. на последна промена: - 35020190012289 од 23.05.2019 |
| Датум на основање (месец и година) | 12.1972 |
| Систем на управување | Едностепен |

## УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИК

Во своето работење ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје е изложена на повеќе видови на финансиски ризици, како што се : пазарен ризик, кредитен ризик, ризик од промена на каматните стапки и ризик од неликвидност. За управување со финансиските ризици е надлежен Одборот на директори. Основата на управувањето со финансиските ризици се состои во изнаоѓање начини за навремено минимизирање на потенцијалните негативни ефекти.

**Пазарен ризик**

- **Ризик од промени на девизниот курс**

ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје во своето работење не стапува во меѓународни трансакции заради продажби и набавки на стоки и услуги. Поради тоа друштвтото не е изложено на ризик поврзан со можните флуктуации на курсевите на странските валути.

- **Ризик од промена на цените**

ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје е изложена на ризик од промена на пазарните цени на вложувањата расположливи за продажба, бидејќи овој вид на ризик е надвор од контрола на Друштвото.

**Кредитен ризик**

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога купувачите на неговите услуги нема да можат да ги извршат своите обврски.
Побарувањата од купувачите во Друштвото вклучуваат побарувања од поголем број купувачи со умерени салда, што претставува спроведување на политиката на дисперзија на побарувањата на поголем број купувачи со цел да се избегне зависноста од мал број на купувачи.

**Ризик од промена на каматните стапки**

Друштвото е изложено на ризик од промени на каматните стапки кога користи кредити. ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје не користи кредити за финансирање на своето работење. Поради тоа, друштвото не е изложено на ризик од промени на каматните стапки.

**Ризик од неликвидност**

Ризикот од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба навремено да ги плаќа обврските кон доверителите и кредиторите.
ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје нема ликвидносни проблеми во работењето затоа што води политика на навремено обезбедување на потребните парични средства за плаќање на доспеаните обврски.

**БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА**

Акциите на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје котираат на Официјален пазар на Македонска берза АД Скопје. Заклучно со 31.12.2023 година Друштвото има 16.000 сопствени акции.

## ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

Собрание на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје го сочинуваат акционери-сопственици на акционерскиот капитал. Основната главнина на друштвото е поделена на 161.540 обични акции.

Управувањето на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје е организирано според едностепен ситем на управување. Одборот на директори е составен од 4 члена.

Во текот на 2023 година Одборот на директори на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје *одржа 7* состаноци.

На членовите на Одборот на директори на Друштвото, им е исплатен бруто износ од 1.347.393,00 денари. На Генералниот извршен директор, кој е во редовен работен однос во ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, согласно менаџерскиот договор, за 2023 година му е исплатена бруто плата во износ од 1.318.373,00 денари.

## ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Внатрешната ревизија е независна активност која обезбедува објективно испитување на ефикасност и адекватност на активностите на Друштвото, како и советодавна активност со цел да се обезбеди и подобри квалитетот на секојдневното работење на Друштвото. Во 2023 година извршените ревизиии беа согласно донесениот план за работа.

Ревизиите се извршени, и Одборот на директори беше информиран за спроведените ревизии преку доставување на извештаи, кои беа во рамки на планираните активности во Годишниот план за 2023 година. За спроведените ревизии изготвен е посебен извештај, во согласност со Законот, кој е доставен на разгледување до акционерите на Собранието на Друштвото.

Врз основа на наодите од извршените поединечни ревизии во текот на 2023 година, ревизијата го потврди стекнатото разумно убедување дека системите за внатрешна контрола, кои се неопходни за да се пресретнат клучните ризици во друштвото се воспоставени и функционираат. Во тековната 2023 година по спроведените ревизии, не се предложени препораки, кои би требало да бидат имлементирани.

## ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И КВАЛИФИКАЦИОНА СТРУКТУРА

Управувањето на Друштвото, согласно Законот за трговските друштва, е организирано според едностепен систем на управување-Одбор на директори, и во текот на 2023 година ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје своите деловни активности ги остваруваше преку следните органи на Друштвото:

- Собрание на акционери,
- Одбор на директори и

- Генерален извршен директор.

На крајот од деловната 2023 година Друштвото брои 6 вработени од кои 2 се мажи, а 4 се жени.

**ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ**

ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје во деловната 2023 година оствари позитивен финансиски резултат со нето добивка по оданочување од 4.873.997,00 денари.

Табеларен приказ на резултатите од работењето

| Ред.бр. | Позиции | Остварени резултати во 2023 година |
|---|---|---|
| 2 | Оперативни приходи од работењето | 27.184.666,00 |
| 2 | Финансиски приходи | 252.205,00 |
| 3 | **Вкупно приходи** | **27.436.871,00** |
| 4 | Оперативни расходи од работењето | 22.013.275,00 |
| 5 | Финансиски расходи | 5.763,00 |
| 6 | **Вкупни расходи** | **22.019.038,00** |
| 7 | **Добивка пред оданочување** | **5.417.833,00** |
| 8 | Данок на добивка | 543.836,00 |
| 9 | **Нето Добивка за финансиска година** | **4.873.997,00** |

ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје во 2023 година има остварено вкупно приходи во износ од 27.436.871,00 денари. Овие приходи за овој извештаен период се составени од:

- оперативни приходи (приходи од тековното работење) во износ од 27.184.666,00;
- финансиски приходи во износ од 252.205,00 денари.

Вкупните расходи од работењето во 2023 година изнесуваат 22.019.038,00 денари. Вкупните расходи се состојат од:

- Оперативни расходи (расходи од редовното работење) во износ од 22.013.275,00.
- Финансиски расходи во износ од 5.763,00 денари.

**СРЕДСТВА И ИЗВОРИ НА ДРУШТВОТО**

Согласно Билансот на состојба вредноста на активата (средствата) и на пасивата (изворите) на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД во 2023 година изнесуваат 343.778.076,00 денари.

Структурата на средствата покажува учество на нетековните средства од 94,1%, а на тековните средства од 5,9% во вкупните средства во 2023 година.

Структурата на изворите во 2023 година покажува учество на главнината и резервите со 99,1%, а на обврските со 0,9% во вкупните извори.

**Исплата на дивиденда**

Во 2023 година Друштвото нема исплатено дивиденда на акционерите.

**Зделка со заинтересирана страна и голема зделка**

Во 2023 година Друштвото нема реализирано голема зделка ниту зделка со заинтересирана страна.

**ДОЛГОРОЧЕН ДОЛГ СПРЕМА ОСНОВНАТА ГЛАВНИЦА**

ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје на 31.12.2023 година нема долгорочен долг по основ на долгорочни кредити.

**Мирјана Настовска-Митрова**
**ВД Извршен член**
**ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД**